Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

## Извадок на дел дневните настани 29.09.2022

На 28.09.2022 околу 19.00 часот на подрачјето на Ѓорче Петров-Скопје, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода З.Ј.(42) од Скопје. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.09.2022, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода Н.З.(40) од село Босилово, струмичко. При претрес на неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени неколку пакувања со амфетамин. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.09.2022 во 22.15 часот на ул.„Живко Чинго" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Центар лишиле од слобода малолетник од Скопје. Тој се сомничи дека на 09.07.2021 извршил кривично дело „кражба", при што од стовариште на подрачјето на Чаир одзел повеќе производи. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (28.09.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 171 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 14 санкции, 15 мерки за возење без возачка дозвола, 28 санкции за прекршоци што ги прават пешаците, четири мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се осум мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), осум санкции за користење мобилен телефон, шест мерки за возач почетник, пет санкции за некористење сигурносен појас...

Во текот на вчерашниот ден (28.09.2022), во периодот од 14.00 до 20.00 часот, Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават пешаците. При контролата, санкционирани се 123 пешаци, од кои 112 за небезбедно преминување на улица надвор од пешачки премин... На 28 пешаци издадени им се покани за посетување на сообраќајна поука. За време на контролата регистрирани се и 110 останати прекршоци.

На 28.09.2022 во периодот од 14.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола за прекршоци што ги прават пешаците во сообраќајот. Од извршената контрола биле констатирани 34 прекршоци, од кои 30 за преминување на улиците надвор од обележан пешачки премин и 4 за некористење на тротоари. На сите им биле изготвени соодветни поднесоци. Истиот ден, на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 12 прекршоци, од кои 9 надвор од населено место и 3 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 28 други видови на прекршоци, од кои 1 за управување нерегистрирано возило, 9 за управување возило без возачка дозвола, 2 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за непочитување првенство на минување на пешаци, 1 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон, 3 за некористење заштитна кацига и 8 за непрописно паркирање.

На 28.09.2022 во периодот од 16.00 до 20.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спроведоа акциска контрола на возачите, колку тие ги почитуваат нивните обврски кон пешаците, но и колку пешаците се придржуваат кон сообраќајните правила и прописи. При контролата биле откриени и санкционирани вкупно 27 возачи (ТЕ-26 и ГВ-1) кои не им дале предност на пешаците, во најголем број на обележани пешачки премини. На сите им се изготвени соодветни поднесоци и ги очекува парична глоба од 20 до 250 евра во денарска противвредност, а за најтешките прекршоци предвидена е и заштитна мерка - времено одземање на возачките дозволи од три месеци до една година. Покрај ова, биле санкционирани и 15 пешаци (ГВ), кои ги преминувале улиците надвор од обележани пешачки премини, како и 12 (ТЕ) други видови сообраќајни прекршоци.

На 28.09.2022 во периодот од 14.00 до 20.00 часот, при извршени сообраќајни контроли на подрачјето на СВР Охрид, полициските службеници затекнале 15 пешаци кои преминале коловоз на необележано и небезбедно место (Охрид-2, Струга-9, Кичево-4). Во Охрид, санкционирани се 7 возачи на моторни возила кои не пропуштиле пешаци на обележан пешачки премин.

На 28.09.2022 во 20.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Е.Т.(28) од Скопје пријавила дека на ул.„Македонски војски" била касната од куче скитник.

На 28.09.2022 од страна на полициски службеници од СВР Велес - ОВР Кавадарци во координација со Одделот за криминалистичка полиција, Сектор за општ и насилен криминал, по преземени оперативни мерки и активности била лишена од слобода М.Б.(51) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство" по чл. 123 од Кривичниот законик. Имено, на 06.09.2022 осомничената била во домот на И.М.(70) во Кавадарци, со кого била во љубовна врска, и по вербална расправија, настанала меѓусебна физичка пресметка, во која осомничената со остар предмет му нанела повреди на И.М., а потоа истурила запалива течност врз телото, го запалила и го напуштила местото. По преземени мерки и активности по наредба од Основен суд Кавадарци извршени се претреси во домот на осомничената, при што се пронајдени и одземени предмети кои потекнуваат од кривичното дело, а при извршен службен разговор, таа делото го појаснила во целост. Од ОВР Кавадарци до Основното јавно обвинителство Кавадарци против М.Б. е поднесена кривична пријава, а од страна на судија од Основен суд Кавадарци одредена ѝ е мерка притвор во времетраење од 30 дена.

На 28.09.2022 во 09.25 часот во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје – ЕВР Ѓорче Петров, Одделение за криминалистички работи го лишиле од слобода Б.Р.(28) од Крива Паланка, со престој во Скопје. Тој се сомничи дека довел во заблуда лице од Штип, лажно претставувајќи се како вработен во МВР, и му ветил дека може да му извади лиценца за обезбедување и возачка дозвола без полагање, при што во два наврата му земал вкупно 1782 евра. При претрес во домот во кој престојува во Скопје, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени предмети поврзани со кривичното дело. Тој бил приведен и задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.09.2022 во 00.30 часот на автопатот А1, кај клучка Демир Капија, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Михајлово дале знак за запирање на патничко возило „форд транзит", со скопски регистарски ознаки, кои биле украдени, но возилото не застанало и продолжило со движење. Набргу, возилото било сопрено, а возачот го напуштил местото. При преглед во возилото биле пронајдени 14 лица мигранти од Сирија, кои биле спроведени во Прифатно-транзитниот центар во Гевгелија за понатамошна постапка. Увид извршила екипа од Полициската станица Неготино, а за настанот бил известен Јавен обвинител.

На 28.09.2022 околу 14.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во населба Стопански двор-Скопје, настанал пожар во ѓубриште во двор од викенд куќа сопственост на Д.Ѓ.(86) од Скопје. Од пожарот била зафатена и изгорела викенд куќата, при што со повреди се здобил сопственикот, кој бил во неа. Негов пријател го извадил, по што бил пренесен во Градската општа болница „8 Септември" . Пожарот бил изгаснат, а увид извршила екипа од СВР Скопје.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Н.Ј.(28) од струшкото село Радолишта, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста при семејно насилство". Тој, на 30.08.2022 во семејниот дом физички ја нападнал неговата сопруга.

На 28.09.2022 во 18.00 часот во Неготино, полициски службеници од Полициската станица Неготино го лишиле од слобода С.Н.(41) од с.Црвени Брегови, неготинско, затоа што во 16.20 часот, по претходна расправија, со остар предмет се заканил на Ц.Ј.(32) од с.Тимјаник, неготинско. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.Д.(46) од с.Вражале, скопско и И.П.(33) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „разбојништво" и едно кривично дело „тешка кражба на дрзок начин". Пријавените, кривичните дела „разбојништво" ги извршиле на 27.08.2022 на ул.„Ленинова", каде од лице од Кочани со закана одзеле 30.000 денари и на 16.09.2022 кога со закана одзеле 6.300 од такси возач кој ги превезувал. Тешката кражба ја извршиле на 19.09.2022 на ул. „Филип Втори Македонски", каде од 77-годишник одзеле паричник.

На 29.09.2022 година во 01.40 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Ф.Ј.(38) од Куманово, затоа што со остар предмет нападнал и повредил вработена на Инфективното одделение во Општата болница Куманово. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.Б.(50) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама". Пријавениот, во текот на 2021 и 2022 година, од Република Грција набавил и преку граничен премин пренел брендирани текстилни производи во вредност од 1.518.832 денари, избегнувајќи ги царинската контрола и плаќањето на царински и даночни давачки. Предметите ги складирал во својот дом во Куманово, по што ги продал без регистрирана дејност преку негова страница на социјална мрежа со што го оштетил Буџетот на Република Северна Македонија.

На 28.09.2022 во 10.45 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.Б.(28) од Скопје пријавил дека на 21.09.2022 околу 20.20 часот во угостителски објект на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија, бил физички нападнат од Е.М.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривични пријави против Е.А.(43) од с.Горно Оризари, велешко и против И.З.(39), Д.А.(29) и И.С.(48), сите од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". Пријавените, на 12, 15 и 17.07.2022 на нивните профили на социјалната мрежа Фејсбук напишале коментари и објави со кои ширеле невистини и повикувале на омраза и нетрпеливост и насилство кон други лица или групи.

На 28.09.2022 во 23.00 часот во Полициската станица Гази Баба, 17-годишен малолетник од с.Арачиново, скопско, пријавил дека околу 20.20 часот во автобус на ЈСП во населба Сингелиќ, Скопје бил физички нападнат од друг малолетник, кој се обидел да го нападне и со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Кочани поднесе кривична пријава против Е.Д.(45) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". На 14.09.2022 во Кочани, пријавениот физички нападнал малолетник од Кочани.

На 28.09.2022 во 13.30 часот во Полициската станица Чаир, Р.С.(69) од Скопје пријавила дека околу 13.00 часот во дворот од нејзината куќа на подрачјето на Чаир забележала залутано зрно од огнено оружје. Повредени лица нема, а увид извршила екипа од СВР Скопје.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет